# профил на струмички регион

## Општини Струмица Ново Село Босилово Василево




Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

# *Вовед*

Од причина што ниедна заедница не може да остане изолирана од силите на глобалната економија и во една глобално конкурентна економија, локалните области – региони и заедници мораат да се интегрираат и организираат, со цел откривање на нови пазари и развојни можности, заради подобрување на целокупното живеење на истите.

Промената на социјалните и економските услови, како и процесот на децентрализација придонесоа локалните власти и заедници да ги истражуваат своите можности за подобрување на својата основа за економски развој на целокупниот Струмички регион, вклучувајќи ги и депресираните соседства и руралните неинкорпорирани области.

Од таа причина **Општина Струмица, Општина НовоСело, Општина Босилово и Општина Василево** се здружуваат со намера да градат **Регионален Центар за Локален Економски Развој,** каде локалното раководство во составот на општините ќе работи заедно со партнери од јавниот, приватниот и невладиниот сектор, со цел создавање подобри услови за економски развој и креирање нови работни места, како и со издржана стратегија ќе допринесат за стимулација на локалниот бизнис и подршка на граѓанскиот сектор како важен елемент во целокупното живеење на регионот, генерирајќи поголем капацитет за одредување на сеопфатна благосостојба на регионот.

По пат на овој процес ќе се воспостави и одржува динамична и претприемачка култура, ќе се создава нова заедница и деловна благосостојба, базирана на сопствени ресурси (човечки, социјални,институционални и физички) и нивни потенцијали создавајќи цврста основа за градење на стратегија за **Локален Економски Развој** кој ќе генерира приход и вработување, одржувајќи ја и подобрувајќи ја целокупната стопанска состојба на регионот.

**Регионалниот Центар за Локален Економски Развој** ќе функционира како партнерство меѓу локалните власти, деловните бизнис интереси и интересите на заедницата генерирајќи заживување на нови постоечки институции, развој и поткрепа на нови алтернативни индустрии со натамошна диверсификација на постоечката стопанска основа. Одржување и подобрување на конкурентноста на локалните бизниси, идентификација на нови пазари и обезбедување техника и едукативна помош на Локалните фирми и Локалните Органи на власт.

Од таа причина Регионалниот Центар за ЛЕР го формулира профилот на Струмичкиот регион како алатка за понатамошните активности на Центарот.

# 1. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНИТЕ СТРУМИЦА НОВО СЕЛО БОСИЛОВО И ВАСИЛЕВО

## *1.1 Географска положба на Струмичкиот регион*

Опколени меѓу трите големи планински масиви Планината Беласица,Планината Еленица и Планината Огражден , сместени се **Општините Струмица, Ново Село, Босилово и Василево,** сочинувајќи го плодниот **Струмички Регион.**

Струмичкиот регион се наоѓа во југо-источниот дел на Република Македонија простран на површина од **963 км$^2$**. Синорот од југ се протега до Република Грција, а од исток до Република Бугарија. Разврстен е во јужно-медитеранскиот подрегион, под таканаречениот индустриски микро-регион. Го сочинуваат **72 населени места,** со вкупно **92625 жители**. Според површината и бројот на населението, регионот има средна големина во земјата.



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## *1.1/1 Општина Струмица*

На крајниот југоисток на Република Македонија, **на 41° 22′ и 23° 45′ источна географска должина,** веднаш на тромеѓето меѓу државните граници со Бугарија и Грција, на надморска височина од **280 метри** сместена е плодната Струмичка котлина, а во нејзиниот западен дел и истоимената Општина Струмица.

Општина Струмица се простира на површина од **321,89 км$^2$** и во неа живеат **54676жители** населени во градот Струмица, седиштето на општината и **24$^{те}$** населени места. Нејзиниот низински дел е воедно и најгусто населено подрачје во Македонија, **со 100 жители на 1км$^2$.**

Во Градот Струмица живеат **35311 жители,** Куклиш **2532 жители,** Муртино **2209 жители**, Банско **1992 жители**, Дабиле **1946 жители,** Добрејци**1764 жители,** Вељуса **1552 жители,** Просениково **1550 жители,** Попчево **1550 жители,** Костурино **1280 жители,** Баница **1137 жители,** Градско Балдовци **755 жители,** Сачево **540 жители,** Габрово **399 жители,** Рич **382 жители,**Свидовица **325 жители,** Водоча **318 жители,** Дорломбос **117 жители,** Раборци **105 жители,** Мемешли **44 жители,** Орманли **34 жители,** Белотино **29 жители,** Три Води **12 жители,** Злешево /, Чепели /.

Општина Струмица на исток се граничи со Општина Босилово, на запад со Општина Конче, на север со Општина Василево, на југоисток со Општина Ново Село, на југозапад со Општина Валандово.

Пристапноста кон Општина Струмица е добра и тоа од повеќе правци. Магистралниот пат **М6** североисточно ја поврзува општината со Општина Радовиш и Општина Ново Село до граничниот премин со Република Бугарија. Југозападно со регионалниот пат **Н** се поврзува со Општина Валандово и граничниот премин со Република Грција.

Со повеќето добро развиени регионални Іи локални патишта Општина Струмица е поврзана со останатите населени места и општини од регионот. [1.]




**1. Монографија на Струмица 1996год.**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## *1.1/2 Општина Ново Село*

Општина Ново Село се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Република Македонија. Распространета на површина од **250 км$^2$,** на север територијата се издига до сртот на Планината Огражден, во средниот дел е широката рамнина на Реката Струмица, а во јужниот дел таа се издига до сртот на Планината Беласица, граничејќи се со Општините Струмица, Берово и Босилово.

Општина Ново Село опфаќа **16 населени места** со **11567 жители.** ( Ново Село, Сушица, Мокрино, Мокриево, Борисово, Колешино, Зубово, Самоилово, Смолари, Дражево, Старо Коњарево, Ново Коњарево,Бајково, Бадилен, Стиник и Барбарево). Во општината преовладуваат големите села – **8** со повеќе од **800 жители**. Средни има **5,** а мали со помалку од **300 жители** има **4** села.

Според надморската височина на кои се наоѓаат населените места, **14** се наоѓаат на надморска височина од **200-360 м**, а **3** се наоѓаат на надморска височина **620-840м.**

Со магистралниот пат **М6** и регионалниот пат **Р-605,** општината е поврзана со останатите општини и непосредно со граничниот премин со Република Бугарија.[2]




**2.Монографија на Струмица 1996 год.**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## *1.1/3 Општина Босилово*

Општина Босилово се простира на површина од **149,5км$^2$** .Сместена во југоисточниот дел на Република Македонија, со правец на протегање североисток- југозапад, распространета во средишниот дел во Струмичкото Поле, завзема значајно место во Струмичкиот регион.

Општина Босилово се наоѓа на надморска височина од **250м,** опфаќајки ги јужните падини на Планината Огражден. Од север се граничи со Општина Берово, од исток со Општина Ново Село. Југоисточно граничи со Општина Струмица, а западно со Општина Валандово. Општината ја сочинуваат **16 населени места,** во кои вкупно живеат **14264 жители**.

Сите села кои егзистираат на територија на оваа општина се низински, со просечна густина од **95,4 жители на 1км$^2$.**

Централна населба на општината е Босилово, во кое живеат вкупно**1698 жители,** или **11,9%** од вкупниот број на жители во општината.

Општина Босилово има прилично добра географска положба и сообраќајна поврзаност. Се нaога на само **7км** од најголемиот урбан центар во Регионот, Градот Струмица со кој е поврзан со магистралниот пат **М6,** кој воедно ја поврзува општината граничниот премин со Република Бугарија. Со повеќето локални патишта таа е поврзана и со останатите населени места во регионот. [3]




3. **Монографија на Струмица 1996 год.**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## *1.1/4 Општина Василево*

Територијата на **Општина Василево** го зафаќа средишниот дел на Струмичко Радовишката Котлина, или поточно Северозападниот дел од Струмичкото Поле, опфаќајки го средното сливно подрачје на Реката Струмица.

Покрај проширената алувијална рамнина, дел од општината, во северен правец се издига на јужните огранки на Малешевските Планини и северозападниот срт на Огражден, каде е изградена водената акумулација Турија, воедно зафаќајки и дел од Планината Смрденик на југозапад.Општина Василево се простира на територија од **220,8 км$^2$** , со **12122 жители** распоредени во **18населби** од кои **2** се сосема раселени. Просечната густина на населеност од **55,4 жители** на **1км$^2$,** ја вбројува општината во средно големите општини во Струмичкиот регион. Седиштето на општината е во истоимената населба Василево, населена со **2174 жители,** а останатиот дел од општината ја сочинуваат Градашорци **1744 жители,** Пиперево **1401 жител**, Добрашинци **936 жители**, Ангелци **913 жители**, Нова Маала **823 жители**, Сушево **723 жители,** Владиевци **684 жители,** Чанаклија **598 жители,** Радичево **590 жители**, Висока Маала **497 жители**, Дукатино **450 жители**, Седларци **343 жители**, Едрениково **225 жители**, Требичино **19 жители**, Варварица **2 жители** и раселените Кукушлија и Нивичино. Од нив **8** се рамничарски а останатите **8** се ридски населени места.Општина Василево на исток се граничи со Општина Босилово, на запад со Општина Радовиш, Подареш и Конче. На север со Општина Берово, а на југ со општина Струмица. Пристапноста до општината е добро отворена. Магистралниот пат **М6** Струмица-Радовиш-Штип и неколкуте околни локални патишта, Општина Василево ја поврзува со целиот регион.[4]




**4. Монографија на Струмица 1996 год.**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## 1.2 Рељеф

Целокупниот **Струмички Регион** е поделен на ридско планински во кој се застапени скалестите и рамничарски почви, како и алувијалните, смолниците, гајњачите и карбонатните видови почви. Поголем дел односно **46%** од обработливите површини припаѓаат на рамничарскиот рељефен дел кои се наоѓаат на надморска височина од **250 – 300 м** и се од првостепено значење за земјоделството во регионот. Тоа се површините покрај речното корито на Реките Струмица, Тркања и Крива Река. Останатите **52%** од површините припаѓаат на падинскиот дел, а **2%** на ридскиот рељефен дел. Ваквата бонитетна и почвена карактеристика на Струмичкиот регион го определува и начинот на користење на земјиштето од страна на земјоделските субјекти, така што од вкупната земјоделска површина од **32319 ха, 87%** припаѓаат на обработливите површини каде доминираат ораниците и бавчите.

## 1.3Клима

Специфичната географска и топографска положба на **Струмичкиот регион** ја карактеризираат две зонални клими. Субмедитеранска, со поголемо или помало вкрстосување со источно-континентална, чија испреплетеност на регионот му даваат посебен белег – долги топли лета со високо среднодневни температури и намалено годишно количество врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци.

Карактеристични за тој регион се северозападниот, југозападниот, а поретко северецот и јужниот топол ветер.

Во однос на светлината, Струмичкиот регион се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлосен интензитет што позитивно влијае на фруктификацијата. Има околу **230 сончеви денови**. Сончевиот сјај трае просечно **2377 часа годишно**. Магла во просек има **најмногу 20 дена.**

Поради субмедитеранските влијанија од Егејското море и влијанието на континенталната клима, климатските услови во **Струмичкиот Регион** се карактеризираат со намалено годишно количество врнежи, засилена аридност, и менлив плувометриски режим со намалена зимска температура.Месечните температурни промени, како и количеството врнежи во Струмичкиот регион прикажани се табеларно: [5]

**Табела 1.**
**Средно месечни температури °C**

| Година | Месеци | | | | | | | | | | | | просечни V-X | Сред. год. тем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | | |
| 2000 | -5,2 | 4,1 | 7,2 | 15,0 | 20,0 | 22,8 | 25,4 | 25,6 | 21,4 | 13,4 | 9,9 | 3,8 | 21,4 | 13,6 |
| 2001 | 3,7 | 4,5 | 12,2 | 12,3 | 19,2 | 22,3 | 25,6 | 25,8 | 19,9 | 15,9 | 6,2 | -4,5 | 21,4 | 13,6 |
| 2002 | -3,2 | 6,8 | 0,1 | 12,6 | 18,6 | 23,8 | 28,1 | 23,1 | 15,1 | 12,8 | 7,5 | 4,0 | 22,1 | 12,4 |
| Прос 89/99 | 1,1 | 3,4 | 7,7 | 12,2 | 17,4 | 22,0 | 24,1 | 23,5 | 18,6 | 12,8 | 6,8 | 2,1 | 19,7 | 12,8 |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

**Табела 2**

**Сума на месечни врнежи во mm**

| Година | Месеци | | | | | | | | | | | | Вкупно V-X | Год. сума на врн. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | | |
| 2000 | 34,3 | 46,5 | 24,8 | 12,9 | 38,9 | 67,9 | 13,4 | 1,2 | 20,0 | 30,6 | 30,6 | 9,1 | 172,0 | 330,2 |
| 2001 | 60,2 | 21,0 | 14,6 | 110,0 | 45,6 | 17,6 | 5,5 | 65,7 | 23,5 | 5,8 | 23,0 | 94,7 | 163,7 | 487,2 |
| 2002 | 20,6 | 6,5 | 65,7 | 59,9 | 28,9 | 18,0 | 176,7 | 27,2 | 189,2 | 99,0 | 54,9 | 138,2 | 539,0 | 884,8 |
| Просек 89/99 | 30,5 | 32,7 | 31,7 | 58,1 | 47,8 | 39,4 | 55,5 | 27,6 | 23,8 | 51,0 | 55,6 | 78,5 | 245,1 | 532,2 |

**5. Општинска база на податоци**

## *1.4 Природни ресурси*

### *М е т а л и , н е м е т а л и*

Според досегашните истражувања **Струмичкиот Регион** не располага со значајни количества рудно богатство. Наоѓалишта на метали се уште не се познати, но затоа пак има рудници за неметали.



**Рудникот за експлоатација на фелдспад- Хамзали**, е од натриски карактер и е единствен во Република Македонија и на Балканот. Настанат е во услови на интензивна супституција на **К2О** компонента од гранит **Na2O** со високо темературни гасно-течни раствори за време на долна креда, (пред **111 милиони години**), што го селектира наоѓалиштето во метасоматски тип.

Петрографски албитските рудни тела се карактеризираат со бела боја, масивна текстура и варијабилна структура.

Минеролошкиот состав на албитите е во состав **албит 89-94% , кварц 4-8%, серицит 0,5%,** како и мали вклучувања на **рутил, титанит и алкритал.**



**Рудникот за експлоатација на CaCO3 – Мемешли** е наоѓалиште кое во основа претставува мермеризиран варовник, и е еден од ретките во Република Македонија. Потеклото на мермеризираниот варовник е маринско. Настанат е како резултат на депонирање на микроорганизми чии остатоци се претежно составени од **CaCO3,** за време на херцинската и алпската ерогенеза, во услови на низок степен на регонален метаморфизам, каде варовничките



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

седименти се потполно прекристализирани во мермери. Петрографски се карактеризира со бела до сиво бела боја, гранобластична структура и масивна текстура. Минеролошки, претставува калциски тип со над **98% калцит и 0,5% нерастворлив остаток.** [1]

Што се однесува на наоѓалишта на **злато** и **бакар** се уште е во фаза на испитување, па од тие причини и нема потврдено наоѓалишта.

Испитувања се вршат на планината Огражден во непосредна близина на населеното место Иловица, каде постојат индикации за потенцијални наоѓалишта.[6]

---

**6. Рудник за неметали Огражден-Струмица**

## *Термоминерален хидропотенцијал*

Струмичкиот регион е еден од ретките во Република Македонија кој располага со термоминерален хидропотенцијал.

На околу **12 км** југоисточно од градот Струмица, под Планината Беласица се наоѓа селото Банско, а во негова непосредна близина и термоминералните извори на Бања Банско. Поврзана со асфалтен пат на надморска височина од **250 метри**, со изменета континентална клима Бања Банско е најзначаен локалитет во регионот во однос на Бањскиот туризам.





Термоминералните извори, се пет на број, од кои само едниот, најголемиот е стручно каптиран. Останатите четири слободно се изливаат без посебна каптажа. Температурата на водата во изворите изнесува, **71 степен** во главниот извор и **56 степени** во останатите.

Во однос на минералниот состав, сите се со ист минеролошки состав што потврдува дека сите потекнуваат од еден ист извор.

Анализата на водата од изворите ја покажува:

**Сулфурната компонента,** корисна при лекување на желудечни заболувања, како и воспалителни процеси на жолката;

**Калциумова компонента,** корисна при лекување на воспалителни процеси на мочните патишта и катарални воспаленија на дишните патишта, срцеви заболувања како и недостаток на калциум(рахитис, остеопороза);

**Радиолошката компонента** е со послаб интензитет. [7]

---

**7. Бањите во Македонија-Струмица**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

***Реки***

Хидрографската мрежа во **Струмичкиот регион** е доста богата испреплетена со повеќе извори, реки и нивни притоки.

Главен реципиент во Струмичката котлина е Реката Струмица, со регулирано речно корито од **31 км.**

Лева притока на Реката Струмица е Реката Турија со должина на речно корито од **22 км** - од Браната Турија до вливот со Р. Струмица, со **8 км** регулирано корито.

Десна притока на Реката Струмица е Моноспитовскиот канал со **14,1км** речно корито. Во него од левата страна се влива Реката Водочница со **15 км** регулирано речно корито. Десна притока на Моноспитовскиот канал со **6км** регулирано речно корито е реката Тркања.

Особено важни за регионот се **Мокринските извори**, **Смоларските и Колешинските водопади** кои претставуваат своевидна туристичка атракција. Основните карактеристи на реките и речните корита кои протекуваат низ регионот прикажани се во:

**Табела 1.**

***Хидрографска мрежа во Општина Ново Село***[8]

| Име на реката | Површина на сливот во км$^2$ | Должина во км. | Просечен пад | Пошуменост во % |
|---|---|---|---|---|
| *Струмица* | 1,2 | 16 | 0,03% | 16% |
| *Сушичка река* | 0,2 | 13 | 1,73% | 15% |
| *Новоселка* | 0,2 | 12,5 | 2,92% | 17% |
| *Бојдол* | 0,03 | 4 | 3,12% | 53% |
| *Василица* | 0,06 | 4 | 4,87% | 60% |
| *Бајковица* | 0,08 | 5 | 4,42% | 74% |
| *Баба* | 0,03 | 6 | 7,36% | 60% |
| *Борисовска река* | 0,07 | 4,5 | 8,88% | 47% |
| *Мокрински извори* | 0,006 | 3 | 4,53% | 38% |
| *Пирул* | 0,02 | 6 | 6,41% | 37% |
| *Ломница* | 0,08 | 5,5 | 9,01% | 39% |

Општина Босилово и Општина Василево ја шарат дел од речните корита на Реките Водочница, Турија,Струмица, Штука и Реката Иловица. Хидрографската мрежа е претставена во дадените табели:

**Табела 2.**

***Хидрографска мрежа во Општината Босилово***[9]

| Име на реката | Површина на сливот во км$^2$ | Должина во км. | Просечен пад | Пошуменост во % |
|---|---|---|---|---|
| *Турија* | 45 | 7,00 | 4% | 15% |
| *Струмица* | 380 | 9,50 | 1,1% | 15% |
| *Штука* | | 4,00 | | 15% |
| *Иловица* | 25,60 | 9,80 | 1,34% | 15% |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

**Табела 3.**

***Хидрографска мрежа во Општина Василево***[10]

| Име на реката | Вкупна Површина на сливот во км2 | Должина во км. | Просечен пад | Пошуменост во % |
|---|---|---|---|---|
| *Струмица* | **62,5** | **14,0** | **7,0%** | **15%** |
| *Турија* | **56,0** | **20,0** | **1,5%** | **15%** |
| *Водочница* | **45,5** | **2,50** | **1,0%** | **15%** |

---

**8.9.10. Водостопанско претпријатие Струмички Слив-Струмица**

***Брани***

**Струмичкиот регион** е еден од ретките во Република Македонија кој располага со обемни хидромелиоративни системи и подсистеми, како и мали системи кои се од витално значење за населението од овој регион.



Целокупниот расположив регионален хидромелиоративен систем прикажан е во табелите:

**Табела 1.**

***1. Хидро–мелиоративен систем „Турија“***[11.]

**А. Обем и структура на површините опфатени со ХМС „Турија“**

| Површина на ХМС„Турија“ | Концесионери ха | Приватен сектор | Вкупно ха |
|---|---|---|---|
| ***Вкупна површина во границите на системот*** | **2.900** | **7.150** | **10.050** |
| ***Површина ангажирана за други намени*** | **900** | **1.150** | **2.050** |
| ***Нето површина за наводнување*** | **2.000** | **6.000** | **8.000** |
| ***Вкупно активна површина која може да се наводнува*** | **1.900** | **5.700** | **7.600** |
| ***Потребни количини(75%)Вода за просечно сушна година*** | | | **28.500.000** |
| ***Просечна норма за заливање*** | | | **5.000м3** |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

**Б. Објекти на Хидромелиоративниот систем „ Турија“**

**1.** Камено земјена брана со глинено јадро,со вграден материјал **1.984.467 $м^3$**

- висина........................................................................................ **77**
- должина...................................................................................... **417**
- ширина на водно огледало ..........................................................**1.8 $км^2$**
- запремина бруто: ...........................................................**50,35 x 10 $^6 м^3$**

-

нето:.................................................................................. **47,85 x 10 $^6 м^3$**

**2.** Главни канали

- тунел армитано бетонски...........................................................**3,4 км**
- бетонски Г-К ...............................................................................**17,0 км**
- азбест цементен Г-К ...................................................................**7,0 км**
- групен канал D ...........................................................................**10,0 км**
- групен канал .................................................................................**5,4 км**

**3.** Секундарна разводна мрежа ........................................................**161,0 км**

**Табела 2.**

***2. Хидро – мелиоративен систем „Водоча“***[12.]

**А Обем и структура на површините опфатени со ХМС „Водоча“**

| Површина на ХМС„Водоча“ | Концесионери Ха | Приватен сектор | Вкупно ха |
|---|---|---|---|
| ***Вкупна површина во границите на системот*** | **700** | **2.860** | **3.560** |
| ***Површина ангажирана за други намени*** | **80** | **620** | **700** |
| ***Нето површина за наводнување*** | **620** | **2.240** | **2.860** |
| ***Вкупно активна површина која може да се наводнува*** | **530** | **1.870** | **2.400** |
| ***Потребни количини(75%)Вода за просечно сушна година*** | | | **9.000.000 $м^3$** |
| ***Просечна норма за заливање*** | | | **5.000$м^3$** |

**Б. Објекти на сисемот: ХМС „ Водоча“**

**1.**Камено земјена брана со распаднат шкрилец,со вграден материјал ........**320.000 $м^3$**

- висина ..........................................................................................**44м**
- должина.................................................................................... **185 м**
- ширина на водно огледало.......................................................... **1.94 $км^2$**
- запремина бруто: ............................................................**26,7 x 10 $^6 м^3$**

нето:........................................................................... **25,7 x 10 $^6 м^3$**

**2**. Главни канали:

- тунел „Тилци“...............................................................................**1,4 км**
- армиран бетон АЦ – цеви..............................................................**10,1 км**
- главен канал Владевци- Добрејци отворен .....................................**9,45 км**
- алиментациони канали **11,3 км** со **4 тунели** вк.должина .......................**2,06 км**

**3.** Секундарна мрежа

- Водоча – АЦ – цевки од **ф 600 – ф 125,** со вкупна должина **52,8 км и 560 хидранти**

**-18 одводни канали со вкупна должина 39,2 км**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

***II Подсистем „Владевци – Добрејци“ како дел од ХМС „Водоча“***

-Главен канал со тиролски зафат 3,2 м $^3$ долг 9,45 км од монолит бетон опфаќа површина од 1.134,1 ха од која прва подзона 303,1 ха со 12 канали и втора подзона со 831 ха со 15 канали отворен тип кој по 2002 год.целосно е уништен и не функционира.

***3. Мал Хидросистем „Новоселка“***

**Табела 3.**

**А. Обем и структура на површините опфатени со МС „Новоселка“[13]**

| **Површина на МС„Новоселка“** | **Концесионери ха** | **Приватен сектор** | **Вкупно ха** |
|---|---|---|---|
| ***Вкупна површина во границите на системот*** | **41** | **123** | **164** |
| ***Површина ангажирана за други намени*** | **-** | **-** | **-** |
| ***Нето површина за наводнување*** | **35** | **65** | **100** |
| ***Вкупно активна површина која може да се наводнува*** | **35** | **65** | **100** |
| ***Потребни количини(75%)Вода за просечно сушна година*** | | | **375.000.м$^3$** |
| ***Просечна норма за заливање*** | | | **5.000м$^3$** |

**Б. Објекти на Мал Хидросистем „Новоселка“**

**1.** Камено земјена со глинено јадро

Висина **: 24,10 м**; должина на круна на браната...................................................... **126 м**

Ширина на водено огледало........................................................................................ **5,4 ха**

Акумулационен простор:

а) бруто............................. .....................**402.200 м$^3$**

б) нето..................................................... **381.600 м $^3$**

**2.** Главни канали – АЦ – цевки **ф 400**

- лев доводен **1.62 км**
- десен доводен **1.21 км**

**3.**Секундарна мрежа со АЦ – цевки со вкупна должина од........................................ **3,7 км**





Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

*4. Мал хидро систем „Иловица“*

**Табела4.**

**А. Обем и структура на површините опфатени со МС „Иловица“[14]**

| **Површина на ХМС„Турија“** | **Концесионери ха** | **Приватен сектор** | **Вкупно ха** |
|---|---|---|---|
| ***Вкупна површина во границите на системот*** | - | 90 | 90 |
| ***Површина ангажирана за други намени*** | - | 30 | 60 |
| ***Нето површина за наводнување*** | - | 60 | 60 |
| ***Вкупно активна површина која може да се наводнува*** | - | 60 | 60 |
| ***Потребни количини(75%)Вода за просечно сушна година*** | | | 225.000м$^3$ |
| ***Просечна норма за заливање*** | | | 5.000м$^3$ |

**Б. Објекти на Малхидросистем „Иловица“**

**1**.Камено земјена брана со глинено јадро со вкупно вграден материјал ......................**131.100 м$^3$**

- висина ....................................................................................................................**27,8 м**
- должина........................................................... .**274 м**
- запремина бруто: .......................................**417.000 м$^3$**
- нето:.......................................................... **402.000 м$^3$**

**2.** Главен канал .......................................................**1,3 км**

**3.** Доводни канали од **бр.1 до бр.8 3,4 км**

*V Мал хидросистем „Маркова река“*

**А. Каналската мрежа не е изградена за наводнување на 300 ха земјоделско земјиште**

**Б. Објекти на МС „Маркова река“**

.**1.**Камено земјена брана со глинено јадро со вкупно вграден материјал.................... **64.628 м$^3$**

- висина.......................... **25,5 м**
- должина..................... **84,95 м**
- запремина:............. **614.000 м$^3$**

**2.** Главен доводен цевковод од ак.„Маркова Река“ до разделна шахта за наводнување и водоснабдување во должина од **3.602 м** од PE цевки **ф 500 мм** и проток од **195 л/сек.**

**3.** Мрежата за наводнување и водоснабдување треба да се гради во наредниот период, за да може и овој систем да биде во функција.

**11.12.13.14. Водостопанско претпријатие Струмички –Слив Струмица**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## П о ч в а

Речиси целата површина на Струмичкото поле е педолошки испитано. Застапени се повеќето познати типови. Најзастепени се поквалитетни почви, како што се: алувијалните, смолниците, гајњачите и карбонатите со над **80%** од вкупно испитаната територија. Од овие површини **26165 ха** се погодни за наводнување, а се покриени со алувијални и делувијални наноси.

Скалестите почви најраспостранети се во планинскиот дел, односно во периферните делови на котлината. Во низискиот и централниот дел на котлината најповеќе ги има алувијалните почви. Тие зафаќаат околу **11520 ха** и како најплодни преставуваат еден од основните фактори за развој на земјоделското производство.

Во реонот на с.Градашорци распостранети се алувијалните(бескарбонатни и карбонатни) почви. Во локалитетите на интензивно градинарско производство како што се Робово, Дабиље, Босилово, Борисово, Добрејци, Просениково, Муртино, Куклиш, Градско Балдовци и други, главно се застапени алувијалните почви и помал процент делувијалните со над **99 %** фракција ситнозем и според содржината на глина средно до тешки плести. Имаат добра водопропусливост, воздушен и топлотен режим и висок капацитет на апсорбција. Во локалитетите Банско, Баница и Колешино повеќе се застапени делувијалните почви кои се добро култивирани и погодни за одгледување на земјоделски култури. Во нив најголемо учество имаат површините од II и III класа со вкупно од **24400 ха** или над **93 %,** додека помалку од **7%** му припаѓаат на површините од IV и VI класа.

Атарите на Куклиш, Муртино, Босилово и Ново Село се со глинесто-песокливи почви, а во Струмица и Василево воглавно преовладуваат алувијални и алувијално-безкарбонатни почви.

Ваквата почвена и бонитетна карактеристика на Струмичкото поле го определува и начинот на користењето на земјиштето од страна на земјоделските субјекти. Од вкупната земјоделска површина, околу **87%** припаѓаат на обработливите површини, каде доминираат ораниците и бавчите.[1.]

---

1. **Студија за економски развој на Струмички регион-Струмица 2001год.**

## Р а с т и т е л е н и ж и в о т и н с к и с в е т



Богатството и хетерогеноста на видовите на екосистемите, се основни обележја на биолошката разновидност во **Струмичкиот регион.** Ваквата состојба е резултат на специфичната географска положба, климатските, педолошките, геоморфолошките и другите карактеристики, како и на промените што се случувале во изминатите геолошки периоди на оваа територија. Струмичкиот регион се карактеризира со рецентна флора, фунгија и фауна, за што се потврда многубројните реликтни видови и екосистеми, вклучувајќи ги големиот број регистрирани заедници во нив.Тоа богатство се одликува со со огромна бројка таксони од фунгија, флора и фауна, од кои голем број се ендеми.

Шумските екосистеми се простираат по територијата на Планините Беласица и Огражден, каде воглавно доминираат Листопадните шуми претежно со: даб, црн и



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

бел габер, костен и бука.Зимзелените шуми се поретки и се наоѓаат претежно на повисоките делови од планините каде доминираат: бор ,ела и смрча. Мешаните шуми се наоѓаат на помали површини и поретко можат да се сретнат.

Фауната е комплексна, автохтона до реликтно ендемична. Присутни се: мечка , волк, лисица, срна, елен, дивокоза, дива свиња, куна, дива мачка, невестулка и др. Од птиците застапени се орел, сокол, јастреб, тетреб и многу други видови.

Особено значајно е присуството на повеќе видови фунги меѓу кои вргањ, лисичарка, смрчка и др.

Тревестите екосистеми се јавуваат во низинскиот појас, опфаќајќи поголем број ливадски,халофитни и степолики заедници. Во нив од фаунистички аспект присутни се степски гуштер, песочна боа, поскок, балкански смок, зајак, полска еребица, потполошка ,фазан, како и присусво на разни видови инсекти.

Водните екосистеми се од клучно значење за Струмичкиот регион. Постоењето на повеќето вештачки езера, развиената сливна мрежа, особено сливот на Реката Струмица, помалите околни рекички, бари и мочуришта, најзначајно од нив Моноспитовското блато, резултираат со повеќе видови екосистеми.

Водните екосистеми се од клучно значење за Струмичкиот регион. Постоењето на повеќето вештачки езера, развиената сливна мрежа, особено сливот на Реката Струмица, помалите околни рекички, бари и мочуришта, најзначајно од нив Моноспитовското блато, резултираат со повеќе видови екосистеми.Нив ги карактеризираат добро развиена биофлора и алгална флора, со развиена блатна вегетација на големи површини во минатото. Денес главно се среќаваат во фрагментарна состојба, по крајбрежјата како остатоци од некогашното езеро, поточно сегашното Моноспитовско блато.



Промените што Моноспитовското блато ги претрпе со мелиоративните зафати, со кои големи површини се претворени во обработливи површини, секако имаат огромно влијаније на блатните заедници и сегашните станишта. Сепак флората и фауната сеуште е богата. Располага со многу видови водени растенија трски, разновидна блатна вегетација , како и разновиден алгален диверзитет, значаен за опстанокот на многубројните видови риби, меѓу кои и ретката штука. Огромен е бројот на преселните видови птици кои овде времено се задржуваат, како и постојаните меѓу кои познатата чапја лажичарка, патки, лебеди и лиски.

Во езерските водни екосистеми во Струмичкиот регион, се среќаваат повеќе видови риби меѓу кои крапот, црвеноперката, караш, а водната акумулација Турија е порибена и со пастрмка. Неа ја има и во Реката Лебница, длабоко во Планината Огражден.

Во речните екосистеми ,присутни се мрена, бојник, клен, како и други видови риби и голем број водоземци.

Но сепак речните корита како главни реципиенти на отпадните води,особено оние што се вливаат во Моноспитовскиот канал, имаат огромно негативно влијание врз постоечките екосистеми, кои секако се под голем антропоген притисок, со што се доведува до редукција на популацијата на различните видови риби и останатата флора, фунгија и фауна.**1.**

---

**1.Стратегија за заштита на биодиверзитет на Република Македонија-2004 год.**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## 1.3Структура на земјиште

Струмичкиот регион располага со обработливо и необработливо земјиште. Структурата , нејзината припадност како и процентуалната застапеност по општини е прикажана во табелите

**Табела 1.**

***Индивидуален сектор - обработливи и необработливи површини*[1.]**

| Општини | Обработливи површини | | | | Необработливи површини | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | Пасишта | Рибници | Трстеници | Шуми | Неплодно | |
| ***Струмица*** | 7086 | 101 | 130 | 266 | 353 | / | 93 | 1946 | 1548 | 11523 |
| ***Ново Село*** | 5106 | 155 | 67 | 435 | 2204 | 2 | 8 | 7463 | 475 | 15915 |
| ***Василево*** | 5038 | 45 | 195 | 27 | 300 | / | / | 819 | 198 | 6622 |
| ***Босилово*** | 5831 | 15 | 112 | 290 | 90 | / | 15 | 13 | 178 | 6544 |
| ***Вкупно:*** | 23061 | 316 | 504 | 1018 | 2947 | 2 | 116 | 10241 | 2399 | 40604 |

**Табела 2.**

***Државен сектор – Обработливи и необработливи површини*[2.]**

| **Површини** | **Струмички Регион – ха** |
|---|---|
| ***Обработливи површини*** | **4745** |
| *Ораници и бавчи* | 3805 |
| *Овоштарници* | 46 |
| *Лозја* | 869 |
| *Ливади* | 25 |
| ***Необработливи површини*** | **71345** |
| *Пасишта* | 15.000 |
| *Шуми* | 47.200 |
| *Неплодно* | 9.145 |
| ***Вкупно*** | **76090** |

***Процентуалната застапеност на земјиштето во Струмичкиот регион*[3.]**

**Табела 3.**

| **Структура на земјиштето** | **Површини во ха** | **Процентуална застапеност %** |
|---|---|---|
| ***Обработливи површини*** | **29644** | **25,40** |
| *Ораници и бавчи* | 26866 | 23,02 |
| *Овоштарници* | 362 | 0,31 |
| *Лозја* | 1373 | 1,18 |
| *Ливади* | 1043 | 0,89 |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | | |
|---|---|---|
| ***Необработливи површини*** | **87050** | **74,60** |
| *Шуми* | 57441 | 49.22 |
| *Пасишта* | 17947 | 15.37 |
| *Рибници* | 2 | 0.02 |
| *Трстеници* | 116 | 0.10 |
| *Неплодно* | 11544 | 9.89 |
| ***Вкупно:*** | **116694** | **100** |

***Процентуална застапеност на сопственоста на земјиштето во Струмичкиот регион***[4.]
**Табела 4.**

| Структура на земјиштето | Државна сопственост во % | Приватна сопственост во % |
|---|---|---|
| ***Обработливи површини*** | **15,97** | **84,03** |
| ***Необработливи површини*** | **81,96** | **18,04** |

---

**1.2.3.4. Државен завод за статистика-Регионално одделение Струмица**

# 2. ДЕМОГРАФСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

## *2.1 Население*

Според статистичките податоци добиени од Државниот завод за статистика-регионално одделение Струмица, а врз основа на пописот на населението во Република Македонија од **2002 година**, на територија на Струмичкиот регион живеат вкупно **92625 жители** разместени во **74 населени места.**

Вкупниот број на население во Струмичкиот регион, во четирите општини, според возраст, пол, националност, стручна подготовка, населени места по општини, домаќинствата и становите е прикажано во следните табели:

**Табела 1.**

***Староснатa структура на населението :*** [1.]

| Возраст | Вкупно регион | Струмица | Ново Село | Василево | Босилово |
|---|---|---|---|---|---|
| *од 0-19 години* | 26221 | 15256 | 2992 | 3880 | 4093 |
| *од 20-60 години* | 52616 | 31711 | 6320 | 6757 | 7828 |
| *над 60 години* | 13788 | 7709 | 2255 | 1485 | 2339 |
| ***ВКУПНО*** | **92625** | **54676** | **11567** | **12122** | **14260** |

Што се однесува до старосната структура на населението во четирите општини во Струмичкиот регион, како што се гледа и од табелата, најбројни се жителите на возраст од **20 – 60 години** со вкупно **52616 жители** или **56,81%** од вкупното население во регионот, потоа следуваат жителите на возраст од **0 – 19 години** со вкупно **26221 жители** или **28,31%** од вкупното население во регионот, а накрај се жителите на возраст од над **60 години** со вкупно **13788 жители** или **14,88%** од вкупното население во регионот.



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

Анализата на старосната структура по општини е следната:

- Во општина Струмица на возраст од **0 – 19 години** има **15256 жители, од 20 – 60** години има **31711 жители** и над **60 години** има **7709 жители**.
- Во општина Ново Село на возраст од **0 – 19 години** има **2992 жители**, од **20 – 60** години има **6320 жители** и над **60 години** има **2255 жители**.
- Во општина Василево на возраст од **0 – 19 години** има **3880 жители**, од **20 – 60** години има **6757 жители** и над **60 години** има **1485 жители.**
- Во општина Босилово на возраст од **0 – 19 години** има **4093 жители**, од **20 – 60 години** има **7828 жители** и над **60 години** има **2339 жители**.

На територијата на Струмичкиот регион, според пописот на населението од **2002** година, вкупно има **92625 жители** или **4,58%** од вкупното население во Р. Македонија, од нив на територија на Струмичката општина живеат **54676 жители,** на територијата на Општина Ново Село живеат **11567 жители**, во Општина Босилово **14260 жители** и во Општина Василево **12122 жители.** Бројот на населението по населени места и по пол се прикажани во табелите:

**Табела 5.**

***Број на население по населени места во општина Струмица:***[2.]

| Ред. број | Населено место | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | ***Струмица*** | 17402 | 17909 | 35311 |
| **2.** | ***Баница*** | 568 | 569 | 1137 |
| **3.** | ***Банско*** | 988 | 1004 | 1992 |
| **4.** | ***Белотино*** | 12 | 17 | 29 |
| **5.** | ***Вељуса*** | 806 | 746 | 1552 |
| **6.** | ***Водоча*** | 180 | 138 | 318 |
| **7.** | ***Габрово*** | 205 | 194 | 399 |
| **8.** | ***Градско Балдовци*** | 371 | 384 | 755 |
| **9.** | ***Дабиље*** | 1000 | 946 | 1946 |
| **10.** | ***Добрејци*** | 917 | 847 | 1746 |
| **11.** | ***Дорломбос*** | 61 | 56 | 117 |
| **12.** | ***Злешево*** | / | / | / |
| **13.** | ***Костурино*** | 656 | 624 | 1280 |
| **14.** | ***Куклиш*** | 1330 | 1202 | 2532 |
| **15.** | ***Мемешли*** | 23 | 21 | 44 |
| **16.** | ***Муртино*** | 1117 | 1092 | 2209 |
| **17.** | ***Орманли*** | 17 | 17 | 314 |
| **18.** | ***Попчево*** | 185 | 158 | 343 |
| **19.** | ***Просениково*** | 782 | 768 | 1550 |
| **20.** | ***Раборци*** | 55 | 50 | 105 |
| **21.** | ***Рич*** | 205 | 177 | 382 |
| **22.** | ***Сачево*** | 280 | 260 | 540 |
| **23.** | ***Свидовица*** | 173 | 152 | 325 |
| **24.** | ***Триводи*** | 7 | 5 | 12 |
| **25.** | ***Чепели*** | / | / | / |
| ***ВКУПНО ОПШТИНА СТРУМИЦА:*** | | **27340** | **27336** | **54676** |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

Според добиените податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија, според пописот од 2002 година, разместеноста на населението по населени места по пол прикажано е во:

**Табела 6.**

***Број на население по населени места во општина Ново Село:*** [3.]

| Ред. број | Населено место | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | *Бадилен* | 3 | / | 3 |
| **2.** | *Бајково* | 1 | 1 | 2 |
| **3.** | *Барбарево* | 30 | 32 | 62 |
| **4.** | *Борисово* | 221 | 188 | 409 |
| **5.** | *Дражево* | 253 | 209 | 462 |
| **6.** | *Зубово* | 352 | 296 | 648 |
| **7.** | *Колешино* | 424 | 421 | 845 |
| **8.** | *Мокриево* | 605 | 606 | 1211 |
| **9.** | *Мокрино* | 383 | 365 | 748 |
| **10.** | *Ново Коњарево* | 478 | 456 | 934 |
| **11.** | *Ново Село* | 1416 | 1340 | 2756 |
| **12.** | *Самоилово* | 179 | 169 | 348 |
| **13.** | *Смоларе* | 338 | 321 | 659 |
| **14.** | *Старо Коњарево* | 308 | 303 | 611 |
| **15.** | *Стиник* | 36 | 22 | 58 |
| **16.** | *Сушица* | 952 | 859 | 1811 |
| ***ВКУПНО ОПШТИНА НОВО СЕЛО*:** | | **5979** | **5588** | **11567** |

Разместеноста на населението по населени места по пол ,според податоците добиени од Државниот завод за статистика –Регионално одделение Струмица, според пописот од 2002 година во Општините Василево и Босилово, дадени се во

**Табела 4.**

***Број на население по населени места во општина Василево*:4**

| Ред. број | Населено место | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Ангелци* | 484 | 429 | 913 |
| 2. | *Варварица* | 1 | 1 | 2 |
| 3. | *Василево* | 1128 | 1046 | 2174 |
| 4. | *Висока Мала* | 276 | 221 | 497 |
| 5. | *Владевци* | 359 | 325 | 684 |
| 6. | *Градошорци* | 888 | 856 | 1744 |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | *Доброшинци* | 493 | 443 | 936 |
| 8. | *Дукатино* | 240 | 210 | 450 |
| 9. | *Едрениково* | 126 | 99 | 225 |
| 10. | *Кукушлија* | - | - | - |
| 11. | *Нивичино* | - | - | - |
| 12. | *Нова Маала* | 431 | 392 | 823 |
| 13. | *Пиперево* | 718 | 683 | 1401 |
| 14. | *Радичево* | 310 | 280 | 590 |
| 15. | *Седларци* | 178 | 165 | 343 |
| 16. | *Сушево* | 374 | 349 | 723 |
| 17. | *Требичино* | 12 | 7 | 19 |
| 18. | *Чанаклија* | 321 | 277 | 598 |
| ***ВКУПНО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО:*** | | **6339** | **5783** | **12122** |

Во Струмичкиот регион вкупно има **73 населени места** и градот Струмица. Да споменеме дека **4** од населените места се иселени. Од вкупниот број на населени места, под **100 жители** има **10** населени места, од **100 - 600 жители** има **21 населени места**, од **600 - 1200 жители** има **22** населени места, од **1200 - 1800 жители** има **8 населни места,** од **1800 - 2400 жители** има **6** населени места, од **2400 - 3000 жители** има **2 населени места** и над **3000 жители** единствено е градот Струмица.

**Табела 5.**

***Број на население по населени места во општина Босилово:*5**

| Ред. број | Населено место | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | *Босилово* | 846 | 852 | 1698 |
| **2.** | *Бориево* | 473 | 453 | 926 |
| **3.** | *Гечерлија* | 191 | 182 | 373 |
| **4.** | *Дрвош* | 377 | 322 | 699 |
| **5.** | *Еднокуќево* | 351 | 327 | 678 |
| **6.** | *Иловица* | 968 | 939 | 1907 |
| **7.** | *Петралинци* | 330 | 275 | 605 |
| **8.** | *Радово* | 440 | 411 | 851 |
| **9.** | *Робово* | 287 | 289 | 576 |
| **10.** | *Сарај* | 493 | 444 | 937 |
| **11.** | *Секирник* | 611 | 583 | 1194 |
| **12** | *Старо Балдовци* | 140 | 129 | 269 |
| **13** | *Турново* | 487 | 454 | 941 |
| **14** | *Хамзали* | 9 | 13 | 22 |
| **15** | *Моноспитово* | 914 | 893 | 1803 |
| **16** | *Штука* | 426 | 355 | 781 |
| ***ВКУПНО ОПШТИНА БОСИЛОВО:*** | | **7343** | **6921** | **14260** |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

**Табела 6.**

***Полова структура :*** [6.]

| Пол | Вкупно регион | Струмица | Ново Село | Василево | Босилово |
|---|---|---|---|---|---|
| *жени :* | 45626 | 27336 | 5588 | 5783 | 6919 |
| *мажи :* | 46999 | 27340 | 5979 | 6339 | 7341 |
| ***ВКУПНО*** | **92625** | **54676** | **11567** | **12122** | **14260** |

Според прикажаните податоци во табелите **2.3.4.5.6.,**половата структура на населението во Струмичкиот регион покажува дека, од вкупно **92625 жители** малку е поброен машкиот пол со вкупно **46999 жители** или **50,74%** додека пак женскиот пол е застапен со вкупно **45626 жителки** или **49,26%** од вкупното население во регионот.

**Број на домаќинства во Струмичкиот регион**[7]

| Струмица | Ново Село | Босилово | Василево | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **15.896** | **3.244** | **3.404** | **3.306** | **25.850** |

**Број на домаќинства во Струмица**[8]

| Ред. број | Населено место | Домаќинства |
|---|---|---|
| 1. | *Струмица* | **10551** |
| 2. | *Баница* | **272** |
| 3. | *Банско* | **465** |
| 4. | *Белотино* | **11** |
| 5. | *Вељуса* | **453** |
| 6. | *Водоча* | **87** |
| 7. | *Габрово* | **113** |
| 8. | *Градско Балдовци* | **239** |
| 9. | *Дабиље* | **531** |
| 10. | *Добрејци* | **460** |
| 11. | *Дорломбос* | **26** |
| 12. | *Злешево* | **/** |
| 13. | *Костурино* | **358** |
| 14. | *Куклиш* | **696** |
| 15. | *Мемешли* | **9** |
| 16. | *Муртино* | **763** |
| 17. | *Орманли* | **7** |
| 18. | *Попчево* | **97** |
| 19. | *Просениково* | **348** |
| 20. | *Раборци* | **31** |
| 21. | *Рич* | **103** |
| 22. | *Сачево* | **171** |
| 23. | *Свидовица* | **101** |
| 24. | *Триводи* | **4** |
| Образование ЗПУЦ Димитар Влахов (по струки) | Број на паралелки | Вкупен број на ученици | Вкупно наставници |
|---|---|---|---|
| *земјоделска* | 7 | 226 | 47 |
| *здравственомедицинска* | 2 | 81 | |

**Табела 2.**

***ОБРАЗОВАНИЕ во Општина Ново Село***

***Предучилишно образование***

| Училиште | Населено место | Предучилишни групи | Вкупен број на деца | Вкупно воспитувачи |
|---|---|---|---|---|
| **ДГ „Детска Радост„** | *Ново Село* | 3 | 50 | 3 |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Сушица* | 1 | 24 | 1 |
| **ПОУ „Григор Прличев„** | *Мокриево* | 1 | 16 | 1 |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Ново Коњарево* | 1 | 10 | 1 |
| **ОУ „Григор Прличев„** | *Колешино* | 1 | 8 | 1 |
| **ПОУ „Григор Прличев„** | *Мокрино* | 1 | 11 | 1 |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Зубово* | 1 | 10 | 1 |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Старо Коњарево* | 1 | 5 | 1 |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Дражево* | **1** | **9** | **1** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Самоилово* | **1** | **6** | |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Смоларе* | **1** | **10** | **1** |
| ***ВКУПНО*** | | **13** | **159** | **12** |

***А.ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ во Општина Ново Село***

| Училиште | Населено место | Број на паралелки | Вкупен број на ученици | Вкупно наставници |
|---|---|---|---|---|
| **ОУ „Мануш Турновски„** | *Ново Село* | **26** | **563** | **35** |
| **ОУ „Григор Прличев„** | *Колешино* | **16** | **179** | **16** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Сушица* | **5** | **100** | **5** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Смоларе* | **4** | **73** | **6** |
| **ПОУ „Григор Прличев„** | *Мокриево* | **5** | **82** | **5** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Зубово* | **3** | **45** | **3** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Ново Коњарево* | **3** | **43** | **3** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Дражево* | **2** | **36** | **2** |
| **ПОУ „Григор Прличев„** | *Мокрино* | **3** | **38** | **3** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Старо Коњарево* | **2** | **26** | **2** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Самоилово* | **2** | **24** | **2** |
| **ПОУ „Мануш Турновски„** | *Барбарево* | **1** | **3** | **1** |
| **ПОУ „Св. Климент Охридски„** | *Ново Село* | **14** | **61** | **17** |
| ***ВКУПНО*** | | **86** | **1273** | **84** |

***СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ во Општина Ново Село***

Во општина Ново Село нема средни училишта но потребите за овој вид на образование учениците ги задоволуваат во општина Струмица но и во други градови во Републиката и странство.



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## *ОБРАЗОВАНИЕ во општина Босилово*

**Во општина Босилово постојат 2 основни училишта во населено место Босилово и Иловица.**

**Во населено место Босилово**

**А.*Предучилишно образование***

| Училиште | Населено место | Број на паралелки | Вкупен број на ученици | Вкупно наставници |
|---|---|---|---|---|
| ***ОУ Гоце Делчев*** | *Босилово* | 1 | 19 | 1 |
| ***ПУ Гоце Делчев*** | *Робово* | 0,5 | 7 | 1 |
| ***ПУ Гоце Делчев*** | *Старо Балдовци* | 0,5 | 6 | / |
| ***ПУ Гоце Делчев*** | *Еднокуќево* | 0,5 | 11 | / |
| ***ПУ Гоце Делчев*** | *Гечерлија* | 0,5 | 4 | / |
| ***ПУ Гоце Делчев*** | *Дрвош* | 1 | 7 | / |
| ***ПУ Гоце Делчев*** | *Сарај* | 1 | 13 | 1 |
| ***ПУ Гоце Делчев*** | *Петралинци* | 1 | 5 | 1 |
| | ***ВКУПНО*** | 6 | 72 | 4 |

***Б.Основно образование***

| Училиште | Населено место | Број на паралелки | Вкупен број на ученици | Вкупно наставници |
|---|---|---|---|---|
| **ОУ Гоце Делчев** | *Босилово* | 14 | 241 | 18 |
| **ПУ Гоце Делчев** | *Робово* | 2 | 30 | 2 |
| **ПУ Гоце Делчев** | *Старо Балдовци* | 2 | 30 | 2 |
| **ПУ Гоце Делчев** | *Еднокуќево* | 3 | 45 | 3 |
| **ПУ Гоце Делчев** | *Гечерлија* | 1 | 10 | 1 |
| **ПУ Гоце Делчев** | *Дрвош* | 2 | 39 | 2 |
| **ПУ Гоце Делчев** | *Сарај* | 4 | 62 | 4 |
| **ПУ Гоце Делчев** | *Петралинци* | 2 | 29 | 2 |
| | ***ВКУПНО*** | 30 | 486 | 36 |

**Во населено место Иловица**

**А.*Предучилишно образование***

| Училиште | Населено место | Број на паралелки | Вкупен број на ученици | Вкупно наставници |
|---|---|---|---|---|
| **ОУ Св"Кирил и Методиј"** | *Иловица* | 1 | 30 | 2 |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Турново* | 1 | 12 | 1 |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Секирник* | 1 | 21 | 1 |
| **ПУ "Св.Кирил и** | *Радово* | 1 | 10 | 1 |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Методиј"** | | | | |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Бориево* | **1** | **10** | **1** |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Моноспитово* | **1** | **19** | **1** |
| | ***ВКУПНО*** | **6** | **110** | **7** |

**Б.*Основно образование***

| Училиште | Населено место | Број на паралелки | Вкупен број на ученици | Вкупно наставници |
|---|---|---|---|---|
| **ОУ Св"Кирил и Методиј"** | *Иловица* | **21** | **314** | **17** |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Турново* | **13** | **216** | **12** |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Секирник* | **4** | **59** | **4** |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Радово* | **4** | **31** | **3** |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Бориево* | **4** | **49** | **4** |
| **ПУ "Св.Кирил и Методиј"** | *Моноспитово* | **4** | **90** | **4** |
| | ***ВКУПНО*** | **50** | **759** | **44** |

Во општина Босилово нема средни училишта но потребите за овој вид на образование учениците ги задоволуваат во општина Струмица но и во други градови во Републиката и странство.

## ***ОБРАЗОВАНИЕ во Општина Василево***

***А.Предучилишно образование и воспитување***

| Училиште | Населено место | Предучилишни групи | Вкупен број на деца | Вкупно воспитувачи |
|---|---|---|---|---|
| **ОУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ** | *Василево* | **2** | **40** | **2** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Ангелци* | **1** | **19** | **1** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Чанаклија* | **1** | **14** | **1** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Владевци Сушево* | **1** | **12** | **1** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Радичево Дукатино* | **1** | **15** | **1** |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Седдларци Едрениково* | **1** | **9** | **1** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Нова Маала Доброшинци* | **1** | **21** | **1** |
| ***ВКУПНО*** | | **8** | **130** | **8** |

***А/1.Паралелки на Турски јазик***

| Училиште | Населено место | Предучилишни групи | Вкупен број на деца | Вкупно воспитувачи |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Ангелци* | **1** | **16** | **1** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Висока Маала* | **1** | **14** | **1** |
| ***ВКУПНО*** | | **2** | **30** | **2** |

***Б.Основно образование во општина Василево од1-4 одд.***

| Училиште | Населено место | Број на паралелки | Вкупен број на ученици | Вкупно наставници |
|---|---|---|---|---|
| **ОУ Гоце Делчев** | *Василево* | **7** | **149** | **7** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Ангелци* | **5** | **106** | **5** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Владевци* | **2** | **30** | **2** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Сушево* | **3** | **39** | **3** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Радичево* | **2** | **31** | **2** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Дукатино* | **2** | **21** | **2** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Седларци* | **2** | **21** | **2** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Едрениково* | **1** | **12** | **1** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Чанаклија* | **2** | **37** | **2** |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Доброшинци* | **4** | **54** | **4** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Нова Маала* | **2** | **42** | **2** |
| ***ВКУПНО*** | | **32** | **542** | **32** |

***Б/1.Паралелки на Турски наставен јазик во Основно образование***

| **Училиште** | **Населено место** | **Број на паралелки** | **Вкупен број на ученици** | **Вкупно наставници** |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Висока Маала* | **2** | **42** | **2** |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Ангелци* | **4** | **63** | **4** |
| **Вкупно** | | **6** | **105** | **6** |

***Б/2. Целосно основно образование во населените места Василево и Нова Маала ОД V-VIII одд.***

| **Училиште** | **Населено место** | **Број на паралелки** | **Вкупен број на ученици** | **Вкупно наставници** |
|---|---|---|---|---|
| ОУ Гоце Делчев | *Василево* | 19 | 505 | 31 |
| **Подрачно училиште Гоце Делчев** | *Нова Маала* | 4 | 90 | 12 |
| ***ВКУПНО*** | | **23** | **596** | **43** |

Во општина Василево нема средни училишта но потребите за овој вид на образование учениците ги задоволуваат во општина Струмица но и во други градови во Републиката и странство.

Според сето горе кажано во регионот стапката на неписменост изгледа вака:

| **Стапка на неписменост** | **Струмица** | **Ново Село** | **Босилово** | **Василево** |
|---|---|---|---|---|
| | **4,00** | **4,40** | **4,60** | **7,30** |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

# 7. ЗДРАВСТВО

Здравствената инфраструктура е доста солидна и е најраспространета во целиот југоисточен регион. Носителите на здравствената заштита на населението од Струмичкиот регион од примарното и секундарното здравство се претставени во:

**Табела 1.**

## *ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА*

## *Општа Болница – Струмица*

Во Општата болница се застапени **11 болнички одделенија со 268 болнички кревети** :

| | |
|---|---|
| **1.** | ***Хирургија*** |
| **2.** | ***Ортопедија*** |
| **3.** | ***Урологија*** |
| **4.** | ***Гинекологија со Акушерство*** |
| **5.** | ***Неонаталогија*** |
| **6.** | ***Детско одделение*** |
| **7.** | ***Интерна медицина*** |
| **8.** | ***Неурологија со психијатрија*** |
| **9.** | ***Инфективно одделение*** |
| **10.** | ***Очно одделение*** |
| **11.** | ***ОРЛ одделение*** |

Во сите одделенија има Специјалистичко-консултативни амбуланти.

***Специјалистичко-консултативните амбуланти има и во следниве служби:***

| | |
|---|---|
| 1. | ***Дерматовенеролошка амуланта*** |
| 2. | ***АТД службата*** |
| 3. | ***Служба за физикална терапија*** |
| 4. | ***Служба за трансфузија*** |
| 5. | ***Амбуланта за третман на зависници*** |

***Дијагностички служби во ЈЗУ Општа Болница – Струмица се:***

| | |
|---|---|
| 1. | ***Ренген служба*** |
| 2. | ***Биохемиска лабараторија*** |
| 3. | ***Патологија*** |

**ЈЗУ Општа Болница своите услуги ги нуди на граѓаните во следните Општини:**

| | |
|---|---|
| **1.** | ***Струмица*** |
| **2.** | ***Ново Село*** |
| **3.** | ***Босилово*** |
| **4.** | ***Василево*** |
| **5.** | ***Валандово*** |
| **6.** | ***Радовиш*** |
| **7.** | ***Берово*** |
| **8.** | ***Нов Дојран*** |
| **9.** | ***Богданци*** |
| **10.** | ***Гевгелија*** |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

**ЈЗУ Општа Болница – Струмица има 386 вработени и тоа:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | *Лекари специјалисти* | 70 |
| 2. | *Лекари на специјализации* | 12 |
| 3. | *Општи лекари* | 4 |
| 4. | *Виш медицински кадар* | 13 |
| 5. | *Средно медицински кадар* | 179 |
| 6. | *Ниска стручна спрема* | 43 |
| 7. | *Виш административен кадар* | 1 |
| 8. | *Среден административен кадар* | 16 |
| 9. | *Технички персонал* | 41 |
| 10. | *Фармацевт-специјалист* | 1 |
| 11 | *Фармацевт* | 1 |
| 12. | *Останати со високо образование* | 5 |
| 13. | *Вкупно* | 386 |
| | | |

## *ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА*

### *Здравен дом-Струмица*

**Табела 2.**

ЈЗУ Здравствен дом Струмица е здравствена установа од примарна здравствена заштита во која се вработени **233 работника** со следнава професионална структура

| *Професионална структура* | **Број на вработени** |
|---|---|
| *Лекари специјалисти* | 15 |
| *Лекари општа пракса* | 29 |
| *Лекари на специјализација* | 4 |
| *Стоматолози специјалисти* | 10 |
| *Стоматолози* | 12 |
| *Стоматолози на специјализација* | 4 |
| *Средно медицински персонал* | 115 |
| *Останати* | 44 |
| **Вкупно:** | 233 |

***Вработените се поделени во повеќе служби и тоа:***

| | |
|---|---|
| 1 | *Општа болница со домашно лекување* |
| 2 | *Трудова медицина* |
| 3 | *Спортска медицина* |
| 4 | *Педијатрија* |
| 5 | *Гинекологија со породилно Ново Село* |
| 6 | *Школска медицина* |
| 7 | *Лабараториска дејност* |
| 8 | *Депо за лекови* |
| 9 | *Стоматологија* |
| 10 | *Административно-техничка служба* |
| 11 | *Центар за ментално здравје* |

ЈЗУ Здравствен дом – Струмица дава здравствени услуги на територија на општините: Струмица, Ново Село, Василево и Босилово.Службата за Трудова медицина, Спортска медицина, Педијатрија и Школска медицина-специјалистички ординации се наоѓаат во кругот на т.н. Нова Болница на ул.„Младинска“ бб.Амбулантите по општа медицина се лоцирани во зградата на т.н.: Стара Болница на ул.„Димитар Влахов„ каде е сместена и Службата за итна медицинска помош со домашно лекување и Стоматолошката



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

служба.Амбулантата по општа медицина има **4 МЗ** во Струмица, како и населените места Ново Село-општи амбуланти и породилиште, како и во населените места : ДражевоСушица,Куклиш,Костурино,Попчево,Вељуса,Дабиље,Муртино,Моноспитово,Мокриево,Босилово, Турново,Василево,Иловица,Просениково,Пиперево.
ЈЗУ Здравен дом Струмица располага со **3 транспортни санитетски возила**, две возила ЛАДА САНИТЕТ опремена со лежај и едно возило ТОЈОТА КОМБЕ опремено со носила. ЈЗУ Здравен дом има свое Депо за лекови, во кое има вработено 1дипл фармацевт и 1 фармацевтски техничар.

# 8.КУЛТУРА

## *8.1Културни институции*

**Главен репрезент на културата во Струмичкиот регион е Националната установа Центар за култура Антон Панов – Струмица.**

Почнувајќи од 06 Април,2004, со измените на одредбите од Новиот закон за култура на Р Македонија, трите претходно самостојни организации : Дом на култура, Уметничка галерија и Народен театар Антон Панов, се интегрираа во една заедничка организација, под името Национална установа **Центар за култура Антон Панов – Струмица.**



Објектот на Центарот за култура Антон Панов - Струмица, е една инпозантна градба од 5560 м 2 изграден од самопридонес на граѓаните, пуштен во употреба од 01.05.1986 година, како Дом на културата Благој Јанков Мучето. Народниот театар Антон Панов,основан 1949 година и Уметничката галерија Струмица, основана 1964 година, исто така тука најдоа свој простор за обавување на своите активности, со што овој објект прерасна во храм на музиката, уметноста и целокупното културно живеење на граѓаните од Струмичкиот регион.

**Просторни капацитети и кадровска екипираност на објектот**

Голема сала со 600 седишта, мала сала со 150 седишта, фоаје со70 седишта,и 320м$^2$ ,Изложбен простор од 207м$^2$, скулпторско ателје од100м$^2$, библиотека со фонд од 2000 книги.

### *Организација и кадровска структура*

Активностите се водат во три сектори:
• Драмско-сценска дејност
• Музичко-концертна дејност
• Изложбено-галериска дејност

Менаџментот на институцијата е во лицето на Генералниот директор, Уметнички директор и тројца сектор менаџери.Вкупен број на вработени во институцијата е 38 луѓе.
Националната установа Центар за култура-Антон Панов,Струмица, во рамките на своите програмски активности реализира годишна програма како производ на активностите на трите



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

сектори кои работат и делуват во истиот.Имено, програмата на центарот е сублимат на активностите од : Драмско сценскиот, ликовнио-галерискиот и музичко концертниот сектор. Културниот центар Антон Панов, Струмица го организира, консолидира и води целокупниот културен живот.Центарот е средиштето на сите културни збиднувања во градот и околината (Претстави, изложби, концерти, промоции на книги, литературно музички средби, презентации,).Основната цел и активност на Центарот е да ги едуцира граѓаните , посебно младата популација, анимирајќи ја нивната културна креативност,зачувувањето и негувањето на традиционалното културно наследство и творештво и стварање на една културолошки чувствителна и образована публика.Годишно, секоја година се изработува и доставува предлог програмски содржини и проекти кои биваат усвоени и реализирани сходно финансиската подршка од Министерството за култура на РМ, сопствените средства или спонзорства. Концептуално секоја годишна програма нуди повеќе содржини, но онаа по кое Центарот за култура Антон Панов -Струмица е препознатлив се содржините и активностите што се водат пооделно во трите сектори:

***Драмско сценскиот сектор***

Основите и корените се Народниот театар Антон Панов, основан далечната 1949 година, кој во годините на своето постоење поставил на сцена повеќе од 350 премиерни изведби од познати светски и домашни автори со плејада од познати актерски имиња и режисери.Стратешки, тенденцијата е не само поставување на сцена актуелни и популарни дела со градење перманентна присутност и театарска култура во градот, туку и популаризирање на оваа дејност кај младата популација со генерирање нови вљубеници и идни кадри.Во овој сектор се вработени вкупно 20 луѓе, од кои 9 актери,8 сценски работници, како и 3 административци предводени од раководител на сектор.Годишно подготвува и реализира околу 5 премиери со околу 50-тина репризи, по дела од домашни и странски автори.Учествува на сите домашни театарски фестивали и манифестации, а има и соработка со повеќе странски театарски куќи.
На сцената поставува и повеќе детски претстави.

***Сектор за музичко концертна дејност***

Организатор на сите музичко концертни програми и активности во Центарот, а кој за постојани активности ги има:

***Хор Деница***

Хорот ,,Деница,, е постојан субјект во делокругот на музичко сценската активност- сектор и на програмските активности во Центарот за култура - Струмица. Тој е дел од програмите кои се организираат не само во Центарот за култура туку и другите културни случувања во градот. Зема редовно учество на домашни и интернационални фестивали,од каде редовно се враќа со освоени награди. Последна освоена награда е Првата награда на Републичкиот хорски фестивал - Кавадарци 2004.Од гостувањата во странство, ги издвојувамеУчество на меѓународен хорски фестивал ,, Проф. Горги Димитров,, во Варна Р.Бугарија, со освоено четврто место и веќе редовно гостување и настап со своја програма на универзитетот ,,Аристотел ,, во Солун, Р Грција.Во текот на 2005-та година оствари и повеќе гостувања надвор од земјата (манифестација-Денот на културата во градот Мелник, Р Бугарија).

***КУД Боро Џони***

Во делот на програмските активности поврзани со негување на традиционалниот македонски фолклор,претходно во Домот на културата,а сега во Центарот за култура Антон Панов Струмица, работи и со години успешно опстојува КУД "Боро Џони",кој со своите членови околу 34 фолклористи и 6 музичари се презентери на народното фолклорно богатство.Обучувајќи и внесувајќи ги во уметноста на фолклорните игри и традиционални кореографии,и бројните ново запишани членови,тие напорно се и дел од повеќето програмски активности на Центарот за



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

култура.За време на своето постоење и работа остваруваат бројни настапи во земјата и во странство(Германија,Украина,Данска,Турција,Полска и т.н)Позитивните оценки и прием што ги добиваат по повеќето настапи во странство и во земјата,попратени со повторни покани за редовно учество во некои традиционални манифестации се обврска за оваа културно уметничко друштво, а со тоа и на Центарот за култура.

***Староградски ансамбл Распеани Струмичани***

Староградскиот ансамбл „Распеани Струмичани„ постои и работи во Центарот за култура со години.Опстојува во својата програма и настани, повеќе како резултат на ентузијазмот и залагањето на членовите и раководството на Центарот, со минимум расположиви финансиски средства. Негува еден значаен, по нас, сегмент од традиционалното музичко и културно живеење на нашиот народ, зачувувајќи ги низ годините звуците, обичаите ,обележјата и навиките на населението од овој крај.Настапува во повеќе програмски активности на Домот на културата и реализира гостувања на манифестации во земјата и странство и е со издадена аудио и видео касета од својот репертоар.

***КУД Русалии***

Во делот на програмските активности поврзани со негување на традиционалниот македонски фолклор, во Центарот за култура, работи КУД Русалии од 2003 година, кои со своите членови (околу20), го презентира народното фолклорно богатство.Обучувајќи ги и внесувајќи ги во уметноста на фолклорните игри, Традиционалните кореографии и бројните ново запишани членови,кои напоредно се и дел од повеќето програмски активности на Центарот за култура. Друштвото КУД Русалии работи и опстојува од 1913 година.Корените на друштвото се од Кукушко.имаат земено учество на Илинденските денови 24 пати досега.Во текот на 2005 година, ќе настапат како единствени претставници од Македонија на Меѓународниот саем на фолклор во Загреб, и ќе се претстави со целовечерна програма-концерт во склопот на Скопско лето 2005.

***Изложбено-галериска дејност***

Во склоп на овој сектор се обавуваат дејности во смисла на организација на изложби на познати домашни и страски уметници, а се врши едукација и популаризација на ликовната уметност.



Позната е по **Меѓународната Струмичка ликовна колонија,** која постои од1964 година,се одржува секоја година од 1 до 20 Август, а преку која стотици уметници од разни земји во светот дошле и твореле во градот, и оствариле богат фонд од уметнички дела.

***Меѓународен фестивал на карикатура и афоризам***

Се одржува веќе 6 години по ред и е во склоп на традиционалните карневалски празнувања во Струмица, во време на Тримерските обичаи.Темата на фестивалот е карневалот со лесна еротика и има награден карактер.Учество на фестивалот земаат многу домашни и странски карикатуристи и уметници.Како резултат од фестивалот Центарот т.е градот Струмица располага со веќе значителен фонд на карикатури и афоризми.



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

### *Детска ликовна работилница*

Во склоп на образовно педагошката дејност, за популаризирање на ликовната уметност кај младата популација, се организира ликовна работилница.На истата земаат учество учесници од околу 30-тина од основните и средни училишта, кои во период од 10 дена, работат и творат во присуство на ликовни педагози. Се одржува од 10 да 20 Јануари. Изработените дела се презентираат на изложбите кои се организираат во Струмица и низ Републиката.

### *Меѓународен фестивал на камерен театар Ристо Шишков*

Традиционален фестивал на камерен театар во чест на великанот на македонското глумиште- актерот Ристо Шишков.Се одржува секоја година од 8 до 14 Септември.Фестивалот е од награден карактер со една единствена награда за најдобра актерска изведба.

## *8.2Туристички локалитети*

### *Св. Петнаесет Тивериополски Маченици*

Локалитетот Св.15 Тивериополски Маченици сведочи за градот во доцноантичкиот период. На местото каде денес се наоѓа црквата Св. 15, култот на Св. Петнаесетте Тивериополски Маченици се одржал до денес..Првото нивно спомнување се наоѓа во Охридското глаголско евангелие од крајот на X и почетокот на XI век. Во месецословот што е додаток на евангелието се одбележува поменот на Струмичките маченици - Тимотеј, Теодор, Евсевиј и "дружине их". Во Охридскиот апостол од крајот на XII век се слават - Тимотеј, Камасиј, Евсевиј, Теодор, Петар, и "и инах".Четворица од мачениците, Тимотеј, Камасиј, Евсевиј и Теодор заедно со другите единаесет маченици, бегајќи од прогоните на христијаните, за време на владеењето на царот Јулијан Апостата (361-365), побегнале од Никеја во Солун, а оттаму во Тивериопол - Струмица. По откривањето и мачењето тие настрадале во Тивериопол, каде што биле и погребани.Петнаесетте Маченици од Тивериопол биле погребани во доцноантичка некропола, надвор од градот, каде што се закопувале христијаните. На овој простор е откриен комплекс од црковни градби во чиј централен дел се наоѓа голема засведена гробница. Централната гробница и другите 16 засведени гробници се изградени врз постар храм, односно ранохристијанска базилика, чиј под бил декориран со полихромен мозаик. Појавата на крстот меѓу мотивите на мозаикот укажува на христијански објект. Од Базиликата е зачуван дел од апсидата на источната страна, северниот периметрален ѕид и основата на северниот стилобат. Подоцна над базиликата е изградена крстовидна црква. Изградбата на крстовидниот храм мартириум врз разурнатиот базиликален објект постои можност да бил изведен во текот на V век, или посигурно во VI век, во времето на Јустинијан, кога се обновени и ремоделирани многу запуштени храмови во Македонија. Над оваа црква во IX - X век е изградена друга крстовидна црква. Истата не налегнува на ѕидовите на базиликата. Изместена е на јужната страна и го зазема централниот кораб на базиликата, со нартекс и егзонартекс на западната страна. Во централниот дел на наосот на крстовидната црква сместена е голема засведена гробница.

### *Св. Богородица Елеуса, Велјуса*

Меѓу средновековните цркви од византискиот период, на оддалеченост од 7 км западно од Струмица во с. Велјуса се наоѓа манастирската црква Света Богородица Милостива (Елеуса), посветена на празникот Воведение на Пресвета Богородица (21 ноември стар и 4 декември нов стил).Според изворно богатата историска документација зачувана за овој манастир (присутни во Светогорскиот манастир Ивирон) оваа црква го зазема едно од најзначајните места во црковната и културната историја не само во југоисточниот дел на Македонија, туку пошироко на Балканот.



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com



Според сочуваните записи на двата архитрава кои биле однесени од бугарските власти за време на Првата Светска војна во Софискиот археолошки музеј, црквата ја подигнал на северните падини на планината Еленица на бигореста карпа монахот, а подоцна струмички епископ Мануил во 1080 год. кој дошол од Халкедонскиот манастир Св. Авксентиј од малоазијската област Витинија во Велјуса. Од споменатите извори дознаваме дека манастирот Св. Богородица Милостива (Елеуса) е изградена над некогашното село Палеокастро во Темата Струмица по кој и селото го добило денешното име. Манастирот се споменува и во Грамотите на византискиот император Алексиј I Комнен 1085 год., во една од годините на 1091 или 1094 година оваа манастирка црква била лично посетена од византискиот император Алексеј I Комнен, кој за нејзините убавини изразил силен восхит во пишаните извори.

Се споменува во Типикот за манастирот составен од основачот Мануил меѓу 1085-1100 год., неколку документи од византискиот император Мануил I Комнен со Практикот од 1152 год. и две Грамоти од Српскиот цар Стефан Душан од 1346 година дадени на Иверонскиот манастир. Со своето архитектонско обликување изворно сочувано до денес, таа ги презентира високите дострели на византиската сакрална архитектура и уметност на македонската територија во средниот век. По своето архитектонско решение црквата е единствена градба во Македонија од XI век. Однатре е крстообразна куполна градба од стеснат тип цркви. Сите три основни делови на црквата: наосот со олтарот, нартексот и јужната капела Св. Спас се надвишени со различни по димензија и височина куполи со полигонални тамбури украсени со керамопластична декорација и полихромно оживување на фасадите. Со фреско украсна изведба е на јужната фасада на црквата, во нејзиниот горен централен дел е сместена мала богато профилирана розета со запчест венец, а подолу меѓу бифората е раскошна двочленска плетеница со претстава на орнаментиран украс во форма на крст. Уметничките сликарски изрази се реализирани во фреско - техника, мозаик и вајарските во плиток релјеф на мермерните делови на иконостасот.

Живописувањето на црквата е изведено во три временски периоди и тоа: во олтарот, подкуполниот простор во наосот и ѕидовите, конхите, и капелата, 1085 год. во тремот од 1164 год. и во наосот од 19 век, со доста локални сликарски призвуци. Фреско - ансамблот во црквата е со иконографски симболични содржини и претстави преземени од Стариот и Новиот завет: Литургиска служба на светите Архиереи со Хетимазијата (Христово



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

жртвување) и Богородица со Исус Христос седната на трон во олтарниот простор. Во централниот куполен простор е насликан Исус Христос Вседржител, додека под него на ѕидовите од тамбурот се претставите: Пресвета Богородица Ширшаја, Св. Јован Крстител, двајца архангели, четворица пророци (Езекиј, Авакум, Еремија и Давид). Во северната конха е Слегнувањето на Исус Христос во пеколот и Сретение Господне е во јужната конха. Во јужната капела Св. Спас во куполниот простор претставен е Исус Христос Емануил, на источниот ѕид Исус Христос во слава и портретот на Св. Пантелејмон на западниот ѕид.На јужната фасада под тремот е композицијата Св. Онуфриј во пустина посетен од монахот Св. Панфнутиј и стилизиран вегитабилен мотив. Во стилско - ликовен поглед оваа сцена и мотивот се блиски на фреските во Нерези насликани во 1164 година.Во наосот на црквата зачувана е и олтарната преграда, изведена во мермер со стилизирани растителни и геометриски мотиви изведени во плиток релјеф. Во подниот мозаик застапени се геометриски мотиви и ги пратат основите на конхите во централниот дел од наосот, натрексот и јужната капела. Изградбата на Вељушкиот храм е карактеристична и по многу претенциозните желби на основачот: не со димензиите, туку пред се со ликовните вредности и раскошната ризница од скапоцени уметнички творби да ги надмине сите постојни уметнички остварувања на црквите во струмичката средина.

### *Св. 40 Севастиски Маченици*

Креирањето и обликувањето на сакрално архитектонски објекти е присутно и во с. Банско. Средновековната црква во близина на населбата Банско се наоѓа на 1,5 км северно од селото и 1 км западно од асфалтниот пат за Банско.



Црквата Св. 40 Севастиски Маченици има основа на слободен крст со развиен апсидален простор: ѓаконикон и проскомидија, а на запад продолжува наосот со влез, додека на исток се сочувани остатоци од синтронос. Тоа упатува на заклучок дека црквата била и епископско средиште. Временски црквата, според архитектонската градба и животописот припаѓа на XII и



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

XIII век, а била доградувана и во турскиот период. Црквата поседувала бел мермерен иконостас од кој се пронајдени сочувани декоративни и конструктивни елементи.

***СвЛеонтијВодоча***

Комплексот цркви Св. Леонтиј се наоѓа во село Водоча на оддалеченост од 4 км. од Струмица. На локалитетот се сочувани три цркви (источна, западна и средна) со три фази на живописување во ентериерите, архитектонски остатоци, придружни објекти и манастирски комплекс, трпезарија, стопански објекти, две бањи и повеќеслојна христијанска некропола. Од ранохристијанскиот период се сочувани темелни партии од базилика со мермерна декоративна пластика од V и VI век, а во VII до IX век. Подоцна е подигната источната, трикорабна куполна црква, која била епископска. Оваа црква е оштетена во Самуиловиот период а подоцна е повторно обновена. Како епископска се споменува во 1018 год. во повелбите на Василиј II, по пропаста на Самуиловата држава. Денес од неа се зачувани олтарната апсида, проскомидијата и ѓакониконот. Првобитниот иконостас бил мермерен, а подот од мермерни плочи. Рушењето на црквата е поврзано со пропаста на Самуиловата држава и паѓањето на Струмица под византиска власт 1018 год.





Со археолошките истражувања се откриени преку 1000 гробови со прилози: накит и керамика кои се датирани од XiV - XIX век.

Живописувањето на ентериерот на водочкиот комплекс цркви се одвивал во три временски периоди во X, XI и XII бек. Иако сочуван фрагментарно поседува високи ликовни квалитети, а во сликарскиот израз се присутни влијанија од античката ликовна традиција и отпори кон влијанија од современите византиски стилско ликовни струења од Цариград и Солун и желба за раскинување со византиските сликарски принципи. Античкото сликарско влијание е застапено во еден мал фрагмент од половичен неиндентификуван лик од светител од X век, кој припаѓал на најстарата источна црква за чија што моделација на инкарнатот се користени широки намази на пигментите и акцентирање на експресија на очите и драматизмот.Во оштетениот фреско-живопис во западната водочка црква посветена на Богородица Елеуса и Воведение присутни се нови идни настојувања на балканската византиска уметност.



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

## *Перспективи за развој на Туризам*
## *Селски Туризам*

Во изминатиот период во Струмичкиот регион интензивно се развивал само бањскиот туризам.
Руралниот простор бил во голема мерка запоставен.
Поради тоа, руралните туристички ресурси и покрај нивното значителна атрактивност, останале речиси негибнати.
Економската оправданост на развојот на селскиот туризам е во согласност со актуелните трендови во побарувачката на светските емитивни подрачја, кои налагаат изнаоѓање на некои алтернативни видови туризми.
Во тој контекст треба да се сфати и развојот на руралниот туризам во Струмичкиот регион.
Селскиот туризам преставува спечифичен вид на туризам, кој се карактеризира со релативно подолг престој, мал радиус на движење и сезонски карактер.
Треба да се нагласи дека, успешното развивање на селскиот туризам во примерот на креирање на рурални туристички дестинации, претставува сериозен потфат.
Развојот на ваквиот туризам, покрај согласноста на месното население, претставува и постоење на одредени атрактивности како што се: чист, богат со шуми и колоритен крај, можности за спортска рекреација, присуство на дивеч и домашни животни, традиционална култура на живеење и работење и близина до некои знаменитости.
Имајќи го во предвид сето тоа, како потенцијални рурални туристички дестинации се диференцираат поголем број населени места од Струмичкиот регион.
Како потенцијална рурална туристичка дестинација може да се посочи Банско. Имено во атарот на оваа населено место е лоциран најексплоатираниот туристички ресурс од целиот Струмички регион
Тука посебно би ги издвоиле сместувачките капацитети во локалитетот Бања Банско, остатоците од црквата Свети 40 Севастополски маченици и термоминералните извори.
На оддалеченост од 7 км западно од Струмица се наоѓа населено место Вељуса каде се наоѓа манастирска црква Света Богородица Милостива (Елеуса) посветена на празникот Воведение на Пресвета Богородица.
На оддалеченост од 4 км од Струмица се наоѓа населено место Водоча каде се наоѓа комплексот цркви Свети Леонтиј.
На оддалеченост од 10 км од Василево се наоѓа населено место Трибичино каде се наоѓа црквата Св. Петка која е изградена во 1871 година која претставува Споменик на Културата.
Имајќи го во предвид сето тоа, како потенцијални рурални туристички дестинации се диференцираат поголем број населени места од Струмичкиот регион.
Треба да се спомне селото Смоларе кое се наога на падините на планината Беласица во мошне живописни предели, погодни за рекреативни прошетки. Во близината на селото се наоѓа и најголемиот постојан водопад Смоларски Водопад со висина од 38м чие куриозитетно својство претставува значајна туристичка атракција.
Во подножјето на Беласица уште едно населено место има потенцијал да се развие во значајна рурална туристичка дестинација.Тоа е Колешино каде се наоѓа Колешинскиот Водопад со висина 13,8 м.
На падините на Беласица, треба да се истакне и присуството на ендемскиот папрат Osmunda Regalis кој зафаќа површина од околу **500 м².**



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

# 9.МЕДИУМИ

Населението во Струмишкиот регион е довололно информирано од областа на сите сфери. Носители на локалните информациии се повеќето радиа и телевизии кои егзистираат на овие простори.

***МЕДИУМИ ВО СТРУМИЧКИ РЕГИОН:***

| | |
|---|---|
| *Радио и телевизија Струмица* | *Медиум* |
| *ТВ канал ВИС* | *Медиум* |
| *Телевизија ИНТЕЛ* | *Медиум* |
| *Телевизија Скопје-Тел.студио во Струмица* | *Истурено телевизиско студио* |
| *Радио Експрес* | *Медиум* |
| *Кабел Нет* | *Кабловска ТВ* |
| *Нет Кабел* | *Интернет провајдер* |

# 10. НЕВЛАДИН СЕКТОР

Невладиниот сектор во Струмичкиот регион е особено активен,со што придонесува за квалитетно заедничко живеење на населението од овој регион.

## *НВО ВО СТРУМИЧКИ РЕГИОН:*

| Бр | Име на НВО |
|---|---|
| 1 | *Граѓанско Здружение "Деница"Струмица* |
| 2 | *Организација на жените на општина Струмица, ОЖС* |
| 3 | *Здружение Женски Центар Струма Струмица* |
| 4 | *Здружение на бегалци Струмица* |
| 5 | *Здружение на глувите и наглувите лица Струмица* |
| 6 | *Сојуз на инвалиди на трудот Струмица* |
| 7 | *Здружение на психолозите на струмичкиот регион Струмица* |
| 8 | *Здружение на родителите од струмичкиот регион Здрав живот Струмица* |
| 9 | *Хуманитарно друштво Шукри Рамо Струмица* |
| 10 | *Еколошко друштво Планетум Струмица* |

***НВО Сектор на територија на Струмички регион***

| | |
|---|---|
| 11 | *Здружение на родители на децата заболени од церебрална парализа -Струмица* |
| 12 | *Здруженија за советување на лицата зависни од психоактивни супстанци Избор Струмица* |
| 13 | *Хуманитарно друштво Животна искра-99, Струмица* |
| 14 | *Хуманитарно друштво на турците и ромите Кардешлк Струмица* |
| 15 | *Хуманитарно здружение Свети Григориј Палма Струмица* |
| 16 | *Хуманитарно здружение на граѓаните Скан-Ник Струмица* |
| 17 | *Друштво на ликовни уметници Струмица* |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | |
|---|---|
| 18 | Сојуз на клубовите на млади техничари и природници Струмица |
| 19 | Сојуз на здруженија за техничка култура Народна техника Струмица |
| 20 | Здружение на одгледувачи на крави Фризер -99 Струмица |
| 21 | Здружение на тутунопроизводителите Јака Струмица |
| 22 | Регионална заедница за развој на земјоделците Струмица |
| 23 | Здружение на водокорисници Стар дел с.Старо Коњарево |
| 24 | Здружение на социјалните работници за општините Струмица Ново Село, Муртино, Василево, Куклис, Босилево. |
| 25 | Хуманитарно здружение Сонце Струмица |
| 26 | Здружение на стечајни работници Струмица |
| 27 | Здружение на возачите - Струмица |
| 28 | Сојуз на инженери и техничари Струмица |
| 29 | Друштво за проучување и заштита на птиците на Македонија - Струмица |
| 30 | Фондација за развој на мали и средни претпријатија Струмица |
| 31 | Хуманитарно Здружение Св. Климент Струмица |
| 32 | Друштво на заштита на човекови права Струмица |
| 33 | Здружение на пензионери - општина Ново Село |
| 34 | Еколошко друштво Костен - с. Смоларе |
| 35 | Аквила Ауреа Македоника Струмица |
| 36 | Организација на жените на општина Ново Село |
| 37 | Агро Прогрес - с. Радово |
| 38 | Еколошко друштво Извор - с. Радово |
| 39 | ЗГ Македонска жена - Струмица |
| 40 | ЗГ Медицински лаборанти на општина Струмица |

## НВО Сектор на територија на Струмички регион

| | |
|---|---|
| 41 | Фолклорен ансамбл Плетенка Струмица |
| 42 | ЗЗП Еко продукт - с. Моноспитово |
| 43 | Здружение на граѓани со дијабетис на општина Струмица |
| 44 | ЗЗП Македонска градина - с. Пиперево |
| 45 | ЗЗП Агроунија - с. Муртино |
| 46 | Здружение за обнова и развој на село Смоларе |
| 47 | Еколошко друштво Екумена - с. Василево |
| 48 | Хуманитарно здружение Роса - Василево |
| 49 | Здружение за заштита на животните Линда - с. Всилево |
| 50 | ЗГ Стилијан 2000 Струмица |
| 51 | ЗГ Еквинокс Струмица |
| 52 | ЗГ МАНА Струмица |
| 53 | ЗГ Феникс Струмица |
| 54 | ЗГ Спас Струмица |
| 55 | ЗГ Позитива Струмица |
| 56 | ЗЗП Агросојуз - с. Василево |
| 57 | ЗГ Астарион Струмица |
| 58 | ЗГ Продолжен живот Струмица |
| 59 | ЗГ Алко Стоп Струмица |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com

| | |
|---|---|
| 60 | *ЗЗПГ Еко градинар - с. Добрејци* |
| 61 | *Еколошко друштво Зелен Мир - с. Добрејци* |
| 62 | *ЗПМИ Крешендо* |
| 63 | *ЗЗП Америчка градина Батлер - с. Сарај* |
| 64 | *Здружение на бежанци и деца на бегалци Струмица* |
| 65 | *Струмички Културен Центар Струмица* |
| 66 | *ЗЗЗ Агросојуз Василево* |
| 67 | *Еколошко друштво Екумена* |
| 68 | *Здружение на граѓани Роса с. Градошорци* |
| 69 | *Здружение на лозаро овоштари* |



Document Produced by deskPDF Unregistered :: http://www.docudesk.com